**Истражувачка група „Европско право, политики и институции“ (2020 - )**

Поттикнато осд Институтот за европска политика (ЕПИ), д-р Симонида Кацарска и д-р Билјана Котевска, заедно со Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип (УГД), предводен од проф. Д-р Јован Ананиев и Универзитетот на Југоисточна Европа од Тетово (УЈИЕ), предводен од проф. Д-р Беса Арифи, се формира истражувачка група на тема „Европско право, политики и институции“.

Фокусот на групата е олеснување на истражувачката соработка и размена помеѓу трите институции, но и на градење мостови помеѓу трите институции и други засегнати страни во процесите на донесување на одлуките. Групата работи и на отворање на помалку дискутирани теми во врска со ЕУ пристапувањето, истражува и застапува, и го олеснува вмрежувањето и контактите помеѓу засегнатите страни, ја информира експертската и општата јавност за прашања кои спаѓаат во нејзиниот тематски фокус и објавува истражувачки резултати и исходи од дискусиите во различни формати.

Од страната на Универизитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како учесници во групата се јавуваат:

Проф. Д-р Јован Ананиев,

Проф. Д-р Олга Кошевалиска,

Проф. Д-р Борка Тушевска Гавриловиќ,

Проф. Д-р Ана Никодиновска,

Доц. Д-р Елена Максимова, и

Доц. Д-р Јорданка Галева